# (ВИДЕО) ВИКЕНД ИНТЕРМЕЦО: Како настанале македонските хитови?



Секој рефрен има своја приказна. Уметниците гордо раскажуваат за своите дела, особено ако успеале да создадат песна која го надживеала времето во кое е создадена. Особено интересни се приказните кога хитовите првично им биле понудени на други изведувачи, но од различни причини не ги прифатиле. Рубриката „Викенд интермецо“ е серијал преку кој уживате во македонските хитови, но и дознавате како истите настанале. Изборот го прави Ѓорге Стојанов. **„Не ме допирај (Маја Оџаклиевска)** Григор Копров е автор на многу македонски хитови, а меѓу нив и рефренот „Не ме допирај со кој Маја Оџаклиевска во 1995 година победи на „Скопски фестивал“. – Маја напиша феноменален текст. Тогаш беше во посебна емотивна фаза. Таа песна е премногу лична, нејзино искрено доживување и случување од љубовниот живот–откри Копров во една прилика. На последната „Златна

бубамара на популарноста“ **Маја Оџаклиевска ја доби** наградата за трајни музички вредности . Аранжманот е дело на Живојин Глишиќ. https://www.youtube.com/watch?v=VD-CceFKqhM

Links

Get a free Evernote account to save this article and view it later on any device.

Create account